# Водич за користење на Integrity Watch (IW) Платформа-Северна Македонија

Водич за користење на IW Платформата за јавноста, новинарите, истражувачите и сите што сакаат да го следат текот на парите

август 2026
Вебсајт: https://integritywatch.mk/

### Како да го користите овој водич

Овој прирачник ве води низ платформата, чекор по чекор. Во него се објаснети клучните тематски контролни табли (dashboards), начинот на пребарување и филтрирање на податоците, толкувањето на графиците и индикаторите за ризик („црвени знаменца“), како и постапката за преземање на податоците.

Прирачникот е наменет за корисници кои немаат техничко предзнаење, а особено за новинари, истражувачи, академската заедница и сите кои имаат потреба од брзи и доверливи докази, како и од визуелизации и податоци што можат да се преземат и да се користат во истражувања, анализи и медиумски содржини. Текстот е надополнет со илустрации и визуелни примери кои им помагаат на корисниците лесно да се движат низ платформата и да ги пронајдат потребните информации во само неколку чекори.

Дополнително, прирачникот дава технички увид во начинот на кој податоците се поврзани и комуницираат меѓу различните бази на податоци што се дел од платформата. Објаснет е процесот на креирање на индикаторите, нивното меѓусебно поврзување и начинот на кој платформата ги идентификува и означува потенцијалните неправилности и аномалии.

Оваа активност е реализирана во рамки на регионалниот проект „ Следење на интегритетот во Западен Балкан и Турција: граѓански организации во борбата против корупцијата со податоци за политичкиот интегритет“, поддржан од Европската Унија.

Содржината на оваа активност е единствена одговорност на Транспаренси Интернешнл- Македонија и не мора да ги одразува ставовите на донаторот.

## Содржина

Како да го користите овој водич ....................................................................................................2
ЗА ПЛАТФОРМАТА ....................................................................................................5
Преглед на деловите од платформата....................................................................................................5
СТРУКТУРА НА ПЛАТФОРМАТА И НАВИГАЦИЈА ....................................................................................................6
Основна поставеност на Платформата ....................................................................................................6
A. Десктоп верзија ....................................................................................................6
B. Мобилна верзија ....................................................................................................6
ЗАЕДНИЧКИ ЕЛЕМЕНТИ НА КОРИСНИЧКИОТ ИНТЕРФЕЈС....................................................................................................8
1) Избор на година ....................................................................................................8
2) Интерактивни графикони....................................................................................................8
3) Поле за пребарување (текстуален филтер)....................................................................................................10
4) Ресетирање на филтрите ....................................................................................................10
5) Табела со податоци / листа на записи....................................................................................................11
6) Копчиња за преземање и споделување....................................................................................................12
7) Поле со информации....................................................................................................12
8) Опција за преземање....................................................................................................13
9) Опција за споделување на графикони....................................................................................................14
ТЕМАТСКИ СЕКЦИИ НА ПЛАТФОРМАТА....................................................................................................15
A) Контролна табла за политичко финансирање ....................................................................................................15
Што е прикажано? ....................................................................................................16
Вообичаен начин на користење....................................................................................................16
Б) Трошоци за изборни кампањи....................................................................................................18
Што е прикажано? ....................................................................................................18
Вообичаен начин на користење....................................................................................................18
В) Донации ....................................................................................................19
Што е прикажано? ....................................................................................................19
Вообичаен начин на користење....................................................................................................19
Што претставува „црвено знаме“?....................................................................................................20
Како се генерираат црвените знамиња? ....................................................................................................20
5. Контролна табла за јавни набавки....................................................................................................21
Што е прикажано? ....................................................................................................22
Вообичаен начин на користење....................................................................................................23

Толкување на индикаторите на ризик во јавните набавки ..... 24
7. Контролна табла за минерални суровини и мали хидроелектрани ..... 26
Што е прикажано? ..... 27
Вообичаен начин на користење ..... 27
Секција „За платформата“ ..... 29
Извори на податоци и ограничувања ..... 30
Примарни извори на податоци ..... 30
Како се собираат податоците? ..... 30
Ограничувања што треба да се имаат предвид ..... 30
Технички прилог ..... 30
Модел на податоци и интероперабилност ..... 30
Наведување на изворот и контакт ..... 31

## ЗА ПЛАТФОРМАТА

Integrity Watch Северна Македонија е платформа со отворени податоци која им овозможува на корисниците да истражуваат како парите и моќта се поврзани со донесувањето јавни одлуки. Таа ги поврзува базите на податоци за финансирањето на политичките партии, јавните набавки и доделувањето концесии за експлоатација на минерални суровини и мали хидроцентрали – области кои се сметаат за особено ранливи на корупција и злоупотреба на службената положба – и вклучува вградени индикатори („црвени знаменца“) кои укажуваат на потенцијални ризици за интегритетот.

Во својата суштина, платформата ги претвора расфрланите јавно достапни податоци во лесно достапни, пребарливи и споредливи информации. Платформата содржи вградени индикатори („црвени знаменца“) кои автоматски сигнализираат потенцијални ризици за политичкиот интегритет. Со само неколку клика, корисниците можат да истражуваат кој ги финансира политичките партии, кои компании добиваат договори за јавни набавки и како имотните листови на јавните функционери можат да укажат на потенцијални судири на интереси.

### Преглед на деловите од платформата

Платформата им овозможува на граѓаните, новинарите, истражувачите, институциите за спроведување на законот и носителите на одлуки да добијат јасен увид во следните области:

- **Финансирање на политичките партии** – Кој ја финансира политиката? (Приказ на донации, износи, датуми и видови на донации, трендови за време на изборните циклуси, како и можни поврзаности помеѓу донаторите и добиените договори за јавни набавки.)

  **Јавни набавки** – Каде завршуваат јавните средства? (Информации за тендерите, договорните органи, економските оператори, постапките, критериумите за доделување и вредноста на договорите, како и нивната поврзаност со компаниите и индикаторите за ризик.)
- **Минерални суровини и мали хидроелектрани** – Кој ги користи природните ресурси? (Податоци за концесиите, компаниите што ги добиле, нивната географска распределба и клучните локации за експлоатација на минерални суровини и изградба или користење на мали хидроелектрани.)




*Слика 1. Пример од приказ за политичко финансирање*

## СТРУКТУРА НА ПЛАТФОРМАТА И НАВИГАЦИЈА

### Основна поставеност на Платформата

Платформата е организирана во три тематски целини. Нејзината структура е дизајнирана така што им овозможува на корисниците лесно да се движат низ различните секции и да пристапуваат до аналитичките графици и податоци, без да поседуваат претходно знаење од областа на јавните политики или анализа на податоци.

### A. Десктоп верзија




*Слика 2. Главен навигациски панел од Платформата на десктоп верзија*

Главните елементи за навигација се:

- Логото на ТИ-М, кое води до официјалната веб-страница на Транспаренси Интернешнл – Македонија;
- Тематски модул Финансирање на политичките партии;
- Тематски модул Концесии за експлоатација на минерални суровини и мали хидроелектрани;
- Линкови до другите платформи Integrity Watch во земјите од Западен Балкан и државите членки на Европската Унија;
- За платформата (About) – информативна страница со објаснување на методологијата, изворите на податоци, достапноста на податоците и напомени (disclaimers);
- Избор на јазик (официјален јазик на платформата е македонскиот).

### B. Мобилна верзија

Иако податоците и графичките прикази се идентични во десктоп и мобилната верзија, во мобилната верзија приказот е приспособен на големината на екранот за да обезбеди подобра читливост и појасен преглед на информациите. Поради тоа, навигацијата е организирана на малку поинаков начин.




*Слика 3. Главен навигациски панел од Платформата на мобилна верзија*

Главните елементи за навигација во мобилната верзија се:

- Логото на ТИ-М, кое води до официјалната веб-страница на Транспаренси Интернешнл – Македонија;
- Мени (икона со три хоризонтални линии) во горниот десен агол на екранот;

Со избирање на менито се отвора навигација до сите тематски секции и содржини на платформата, вклучувајќи:

- тематскиот модул Финансирање на политичките партии;
- тематскиот модул Јавни набавки;
- тематскиот модул Концесии за експлоатација на минерални суровини и мали хидроелектрани;
- линкови до другите платформи Integrity Watch во земјите од Западен Балкан и државите членки на Европската Унија;
- страницата За платформата (About), која содржи информации за методологијата, изворите на податоци, достапноста на податоците и напомените;
- можност за избор на јазик (официјален јазик на платформата е македонскиот).

## ЗАЕДНИЧКИ ЕЛЕМЕНТИ НА КОРИСНИЧКИОТ ИНТЕРФЕЈС

**(Функционираат на ист начин во сите контролни табли)**

### 1) Избор на година

Повеќето контролни табли овозможуваат избор на година во горниот дел од екранот (преку јазичиња во десктоп верзијата или паѓачко мени во мобилната верзија). При промена на годината, сите графикони и табелата со податоци автоматски се освежуваат и ги прикажуваат податоците за избраната година.




*Слика 4. Панел каде се прикажани годините на податочните сетови*

### 2) Интерактивни графикони

Графиконите не служат само за визуелен приказ на податоците, туку и како алатка за филтрирање. Со кликнување на столб, сегмент или категорија, се филтрираат податоците, а сите останати графикони и табелата автоматски се ажурираат согласно избраниот филтер.

Вообичаени интеракции:

- Кликнете на елемент од графиконот (столб, сегмент или ознака) за да филтрирате според таа категорија




*Слика 5. Главен навигациски панел на Платформата во десктоп верзија*

- Поставете го покажувачот на глувчето над елемент од графиконот за да се прикажат точните вредности




*Слика 6. Главен навигациски панел на Платформата во десктоп верзија*

- Кликнете повторно на истиот елемент или користете ја опцијата „Ресетирај ги филтрите“ во долниот десен агол на екранот за да го отстраните филтерот.



## 3) Поле за пребарување (текстуален филтер)

Во долниот дел на контролните табли се наоѓа поле за пребарување кое овозможува филтрирање на податоците според текст, како што се име на политичка партија, компанија, јавен функционер или институција.




*Слика 7. Главен навигациски панел на платформата во десктоп верзија – Поле за пребарување (текстуален филтер) на дното од контролната табла, кое се користи за пребарување институции, компании, јавни функционери, видови постапки или политички партии.*

Со внесување на текстуален поим, корисниците можат да ги пронајдат сите информации поврзани со внесениот параметар (име, институција, компанија, постапка, политичка партија и сл.). По примената на пребарувањето, не само што табелата ќе ги прикаже записите што одговараат на пребарувањето, туку и графиконите над неа автоматски ќе се ажурираат согласно филтрираните податоци. На овој начин, корисниците можат, на пример, да ги идентификуваат најголемите добавувачи на одредена институција, да утврдат кои договорни органи најчесто доделуваат договори на одредена компанија или да видат која политичка партија примила најмногу донации.




*Слика 8. Главен навигациски панел на Платформата во десктоп верзија*

## 4) Ресетирање на филтрите

Опцијата „Ресетирај ги филтрите“ ги отстранува сите активни филтри и ја враќа контролната табла во нејзиниот почетен приказ.



## 5) Табела со податоци / листа на записи

Под графиконите се наоѓа табела (или листа) со основните записи врз кои се засноваат графичките прикази. Таа овозможува проверка на податоците што се прикажани во графиконите.

**Договори за јавни набавки**

| Број | Број на постапка | Договорна институција | Предмет | Име на набавка | Име на постапка | Дата на договор | Име на добавувач | Договорна цена (со вклучен ДДВ) МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 23971/2023 | Министерство за здравство | Рамковна спогодба за изведба на реконструкција и санација на ЈЗУ | Работи | Отворена постапка | 2024-02-28 | Друштво за трговија и услуги БМС ГРУП ДООЕЛ Скопје | 47.200.000 |
| 2 | 23913/2023 | Министерство за Финансии | Одржување на софтвер за материјално работење | Услуги | Набавки од мала вредност | 2024-02-21 | Друштво за информатички инжинеринг,производство и услуги увоз - извоз ФОКСИТ ДОО Скопје | 467.280 |
| 3 | 23903/2023 | Министерство за труд и социјална политика | набавка, испорака и монтажа на опрема на група во други просторни услови во детска градинка во општина Јегуновце" | Стоки | Поедноставена отворена постапка | 2024-04-08 | Трговско друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало Тони Златески 93 ДЕ-НИ-КОМПАНИ увоз-извоз Прилеп ДООЕЛ | 670.122 |
| 4 | 23903/2023 | Министерство за труд и социјална политика | набавка, испорака и монтажа на опрема на група во други просторни услови во детска градинка во општина Јегуновце" | Стоки | Поедноставена отворена постапка | 2024-04-05 | Трговско друштво за вработување на инвалидни лица-заштитно друштво за производство,трговија и услуги ФИЛАДЕЛФИЈА ДООЕЛ Кочани | 87.147,72 |
| 5 | 23903/2023 | Министерство за труд и социјална политика | набавка, испорака и монтажа на опрема на група во други просторни услови во детска градинка во општина Јегуновце" | Стоки | Поедноставена отворена постапка | 2024-04-01 | Друштво за производство,трговија и услуги АЗАРО-ГСЕН ДООЕЛ Струмица | 69.667,2 |
| 6 | 23856/2023 | Министерство за здравство | Вакцини за континуирана имунизација и имунизација по епидемиолошки индикации на населението во Република Северна Македонија од јануари 2024 до декември 2026 година | Стоки | Отворена постапка | 2024-03-07 | Друштво за промет МАКЕДОНИЈАЛЕК ДОО Скопје | 9.985.367,07 |

**6.282** на **6.282** договори | Филтер... | РЕСЕТИРАЈ ФИЛТЕР

*Слика 9. Пример на табела на дното на главниот навигациски панел на Платформата во десктоп верзија*

- Сортирајте ги колоните за да ги прикажете највисоките или најниските вредности

**Договори за јавни набавки**

| Број | Број на постапка | Договорна институција | Предмет | Име на набавка | Име на постапка | Дата на договор | Име на добавувач | Договорна цена (со вклучен ДДВ) МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 23971/2023 | Министерство за здравство | Рамковна спогодба за изведба на реконструкција и санација на ЈЗУ | Работи | Отворена постапка | 2024-02-28 | Друштво за трговија и услуги БМС ГРУП ДООЕЛ Скопје | 47.200.000 |
| 2 | 23913/2023 | Министерство за Финансии | Одржување на софтвер за материјално работење | Услуги | Набавки од мала вредност | 2024-02-21 | Друштво за информатички инжинеринг,производство и услуги увоз - извоз ФОКСИТ ДОО Скопје | 467.280 |
| 3 | 23903/2023 | Министерство за труд и социјална политика | набавка, испорака и монтажа на опрема на група во други просторни услови во детска градинка во општина Јегуновце" | Стоки | Поедноставена отворена постапка | 2024-04-08 | Трговско друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало Тони Златески 93 ДЕ-НИ-КОМПАНИ увоз-извоз Прилеп ДООЕЛ | 670.122 |
| 4 | 23903/2023 | Министерство за труд и социјална политика | набавка, испорака и монтажа на опрема на група во други просторни услови во детска градинка во општина Јегуновце" | Стоки | Поедноставена отворена постапка | 2024-04-05 | Трговско друштво за вработување на инвалидни лица-заштитно друштво за производство,трговија и услуги ФИЛАДЕЛФИЈА ДООЕЛ Кочани | 87.147,72 |
| 5 | 23903/2023 | Министерство за труд и социјална политика | набавка, испорака и монтажа на опрема на група во други просторни услови во детска градинка во општина Јегуновце" | Стоки | Поедноставена отворена постапка | 2024-04-01 | Друштво за производство,трговија и услуги АЗАРО-ГСЕН ДООЕЛ Струмица | 69.667,2 |
| 6 | 23856/2023 | Министерство за здравство | Вакцини за континуирана имунизација и имунизација по епидемиолошки индикации на населението во Република Северна Македонија од јануари 2024 до декември 2026 година | Стоки | Отворена постапка | 2024-03-07 | Друштво за промет МАКЕДОНИЈАЛЕК ДОО Скопје | 9.985.367,07 |

**6.282** на **6.282** договори | Филтер... | РЕСЕТИРАЈ ФИЛТЕР

*Слика 10. Пример на табела на дното на главниот навигациски панел на Платформата во десктоп верзија*

- Кликнете на одреден ред за да отворите детален приказ (прозорец) со дополнителни информации за избраниот запис




*Слика 11. Главен навигациски панел на Платформата во десктоп верзија*

### 6) Копчиња за преземање и споделување

Контролните табли содржат опција за преземање на податоците во формати погодни за понатамошна обработка. Во зависност од тематскиот модул, податоците може да се преземат во CSV или XLS формат.




Сите контролни табли и графикони исто така содржат копчиња за споделување на социјалните мрежи, што овозможува брзо споделување на графикон или на моменталниот филтриран приказ.




### 7) Поле со информации

Секој графикон содржи дополнителни информации за податоците што ги прикажува. Тие се достапни со кликнување на иконата  во горниот десен агол на соодветниот графикон.




*Слика 12. Прикажување на информации со кликнување на информативното копче („i“)*

### 8) Опција за преземање

Секој графикон има вградена можност за преземање како JPG-слика за брза и лесна употреба.




*Слика 13. Опција за преземање на графици*

### *Чекор по чекор: Преземање на податоци*

1. Применете ги саканите филтри (година, избор на графикон, пребарување)
2. Кликнете на копчето „Преземи податоци“ (обично се наоѓа во горниот дел од контролната табла)
3. Изберете го саканиот формат (CSV или XLS)
4. Зачувајте ја датотеката на вашиот уред и отворете ја во претпочитаната програма (Excel, LibreOffice, Google Sheets или алатка за анализа на податоци).

### *За што е погоден секој формат?*

- **CSV:** Најсоодветен за анализа на податоци, едноставни табели и увоз во различни алатки (Excel, R, Python, Power BI)
- **XLS:** Практичен за брза работа со табеларни пресметки и полесен за користење од страна на корисници без техничко знаење.

## 9) Опција за споделување на графикони

Сите графикони нудат и копчиња за споделување на социјалните мрежи, што овозможува брзо и едноставно споделување на графичкиот приказ..




*Слика 14. Опција за споделување на графици*

## ТЕМАТСКИ СЕКЦИИ НА ПЛАТФОРМАТА

### (Детален преглед на контролните табли)

Во овој дел се дадени детални упатства за навигација и преглед на контролните табли во тематските секции на платформата:

### А) Контролна табла за политичко финансирање

Оваа секција е поделена на три категории:

- Финансирање на политичките партии, која ги опфаќа средствата што политичките партии ги добиваат од државниот буџет, членарините и донациите;
- Трошоци за изборни кампањи, која содржи податоци за трошоците направени за време на изборните кампањи;
- Донации, која ги прикажува сите донации дадени на политичките партии од правни и физички лица.




*Слика 15: Текстуално објаснување на контролната табла за финансирање на политичките партии и нејзината намена*




| Број | Партија | Државен буџет (2025 - 2021) MKD | Донации (2025 - 2021) MKD | Членарини (2025 - 2021) MKD |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Централна Демократска Унија (ЦДУ) | 4.422.561 | 2.323.218 | 0 |
| 2 | Унија на Ромите | 1.743.948 | 0 | 0 |
| 3 | Трајно Македонско Радикално Обединување (ТМРО) | 23.999.527 | 0 | 0 |
| 4 | Твоја партија | 17.831.687 | 0 | 60.700 |
| 5 | Странка на демократска акција на Македонија | 1.122.370 | 0 | 493.445 |
| 6 | Српска странка во Македонија (ССМ) | 417.987 | 0 | 0 |
| 7 | Српска напредна странка во Македонија (СНСМ) | 3.543.528 | 0 | 0 |
| 8 | Сојуз на Ромите во Македонија | 26.575.567 | 0 | 0 |
| 9 | Социјалистичка партија на Македонија | 32.333.014 | 0 | 1.131.600 |
| 10 | Социјалдемократски сојуз на Македонија (СДСМ) | 417.214.592 | 12.349.332 | 13.711.988 |
| 11 | Социјалдемократска унија (СДУ) | 1.556.451 | 0 | 0 |
| 12 | Роми обединети од Македонија | 0 | 0 | 0 |
| 13 | Родина Македонија | 17.557.395 | 126.950 | 126.440 |
| 14 | Работничко земјоделска партија на Република Македонија | 1.235.702 | 0 | 0 |
| 15 | Работничка партија | 0 | 0 | 0 |
| 16 | Политичка партија Нова Република | 0 | 302.000 | 0 |

Слика 16: Податоци содржани во делот финансирање на политички партии

## Што е прикажано?

- Податоци за финансирањето на политичките партии од државниот буџет, членарини и донации за периодот 2021–2025
- Информативни полиња/наслови што го објаснуваат сетот на податоци и обезбедуваат дополнителен контекст
- Повеќе графикони, најчесто столбести и кружни графикони
- Секој графикон е интерактивен – изборот на елемент автоматски ги филтрира останатите графикони и табелата
- Опции за преземање на податоците или графичките прикази.

## Вообичаен начин на користење

1. Изберете ја годината
2. Користете ги графиконите за да видите кои политички партии добиле најмногу средства од државниот буџет, членарини или донации

3. Филтрирајте според изворот на финансирање или според политичката партија
4. Преземете ги филтрираните податоци за понатамошна анализа или подготовка на истражувачки текстови.




**Трошоци**

| Број | Вид на трошоци | Партија / Кандидат / Коалиција | Вид на услуга | Парламентарни / Претседателски | Давател на услуга/ Медиуми | Опис | Износ (МКД) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Медиумски трошоци | Стевчо Јакимовски | Огласи и соопштенија, Објавување на интернет | Претседателски | ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И АНАЛИЗА | | 553.500 |
| 2 | Медиумски трошоци | Стевчо Јакимовски | Политички изборни спотови, музички спотови што функционираат како химни, преноси или снимки од митинзи, средби и други настапи, Емитување на телевизија | Претседателски | ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ СКОПЈЕ - Телма | | 1.819.602 |
| 3 | Медиумски трошоци | Стевчо Јакимовски | Политички изборни спотови, музички спотови што функционираат како химни, преноси или снимки од митинзи, средби и други настапи, Емитување на телевизија | Претседателски | ТРД КАНАЛ 5 ДООЕЛ СКОПЈЕ - Канал 5 | | 2.579.102 |
| 4 | Медиумски трошоци | Стевчо Јакимовски | Политички изборни спотови, музички спотови што функционираат како химни, преноси или снимки од митинзи, средби и други настапи, Емитување на телевизија | Претседателски | ТРД АЛСАТ-М ДОО СКОПЈЕ - Алсат | | 727.856 |
| 5 | Медиумски трошоци | Стевчо Јакимовски | Политички изборни спотови, музички спотови што функционираат како химни, преноси или снимки од митинзи, средби и други настапи, Емитување на телевизија | Претседателски | ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ ШТИП - 24 Вести | | 988.077 |
| 6 | Медиумски трошоци | Стевчо Јакимовски | Огласи и соопштенија, Објавување на интернет | Претседателски | Плус инфо издаваштво ДООЕЛ Скопје - Плусинфо.мк | | 291.200 |
| 7 | Медиумски трошоци | Стевчо Јакимовски | Огласи и соопштенија, Објавување на интернет | Претседателски | Онлајн медиа ДОО Скопје - А1он.мк | | 363.971 |
| 8 | Медиумски трошоци | Стевчо Јакимовски | Огласи и соопштенија, Објавување на интернет | Претседателски | Злликс Медиа ДООЕЛ Скопје | | 183.855 |
| 9 | Медиумски трошоци | Стевчо Јакимовски | Огласи и соопштенија, Објавување на интернет | Претседателски | Друштво за информирање и разонода ТРЕНДОЛЕНД ДОО Скопје - Офф.нет.мк | | 291.200 |
| 10 | Медиумски трошоци | Стевчо Јакимовски | Огласи и соопштенија, Објавување на интернет | Претседателски | ДИЕП ПОРТАЛ НУЗ ДОО Скопје - Мкд.мк | | 291.200 |

Слика 17: Податоци содржани во делот трошоци

## Б) Трошоци за изборни кампањи

### Што е прикажано?

- Податоци за трошоците направени за време на претседателските и парламентарните избори во 2024 година
- Информативни полиња/наслови што го објаснуваат сетот на податоци и обезбедуваат дополнителен контекст
- Повеќе графикони, најчесто столбести и кружни графикони
- Секој графикон е интерактивен – изборот на елемент автоматски ги филтрира останатите графикони и табелата
- Опции за преземање на податоците или графичките прикази.

### Вообичаен начин на користење

1. Изберете ги изборите
2. Користете ги графиконите за да ги видите политичките партии, кандидатите или коалициите со најголеми трошоци, како и распределбата по категории на трошоци
3. Филтрирајте според видот на услугата, медиумот или изведувачот
4. Преземете ги филтрираните записи за понатамошна анализа или подготовка на истражувачки текстови.






**Донации**

| Број | Вид на донатор | Донатор | Партија / коалиција | Вид на донација | Донација за избори | Парламентарни / Претседателски | Износ (MKD) | Година |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Физички лица | Џула Челику | Европско граѓанско движење | Парични средства | Не | | 6.800 | 2022 |
| 2 | Физички лица | Џингис Оручоски | ВМРО-ДПМНЕ | Парични средства | Не | | 100.000 | 2024 |
| 3 | Физички лица | Џингис Оручоски | | Парични средства | Да | Претседателски | 40.000 | 2024 |
| 4 | Физички лица | Џенгис Иљаз | Алтернатива | Парични средства | Не | | 23.500 | 2022 |
| 5 | Физички лица | Џенгис Иљаз | Алтернатива | Парични средства | Не | | 12.000 | 2022 |
| 6 | Физички лица | Џемзи Асани | Демократска унија за интеграција | Парични средства | Не | | 40.000 | 2021 |
| 7 | Физички лица | Џемал Амети | Демократска унија за интеграција | Парични средства | Не | | 100.000 | 2021 |
| 8 | Физички лица | Џемаил Чупи | Алтернатива | Парични средства | Не | | 12.000 | 2022 |
| 9 | Физички лица | Џемаил Чупи | Алтернатива | Парични средства | Не | | 12.000 | 2022 |
| 10 | Физички лица | Џемаил Чупи | Алтернатива | Парични средства | Не | | 6.000 | 2022 |
| 11 | Физички лица | Џемаил Чупи | Алтернатива | Парични средства | Не | | 6.000 | 2022 |
| 12 | Физички лица | Џемаил Чупи | Алтернатива | Парични средства | Не | | 6.000 | 2022 |
| 13 | Физички лица | Џемаил Чупи | Алтернатива | Парични средства | Не | | 6.000 | 2022 |
| 14 | Физички лица | Џелал Чајани | Демократска унија за интеграција | Парични средства | Не | | 165.000 | 2021 |
| 15 | Физички лица | Џеват Тахири / Xhevat Tahiri | Алтернатива | Парични средства | Не | | 60.000 | 2025 |
| 16 | Физички лица | Џеват Селами | Демократска унија за интеграција | Парични средства | Не | | 153.500 | 2021 |

*Слика 18: Подтаоци содржани во делот донации*

## В) Донации

### Што е прикажано?

- Податоци за донациите што политичките партии ги примиле во периодот 2021–2024 година, како за редовното работење така и за време на изборните кампањи
- Информативни полиња/наслови што го објаснуваат сетот на податоци и обезбедуваат дополнителен контекст
- Повеќе интерактивни графикони (столбести и кружни)
- Со избор на елемент во графиконите се филтрира целата контролна табла
- Опции за преземање на податоците и графичките прикази.

### Вообичаен начин на користење

1. Изберете ја годината
2. Користете ги графиконите за да видите кои политички партии примиле најголем износ на донации и најголем број донации
3. Филтрирајте според видот на донаторот, видот на донацијата, изборите или редовното работење на партијата

4. Пребарајте по име на донатор и проверете дали истиот се појавува и како донатор кој е носител на јавна функција
5. Преземете ги филтрираните записи за понатамошна анализа или подготовка на истражувачки текстови.

### Што претставува „црвено знаме“?

„Црвеното знаме“ не претставува доказ за незаконско постапување, туку сигнал дека е потребна дополнителна проверка и анализа. Црвените знамиња во областа на политичкото финансирање најчесто се поврзани со:

- невообичаено време на донации (на пример, големи донации непосредно пред избори);
- висока концентрација на донации (мал број донатори финансираат најголем дел од средствата на една политичка партија);
- профили на донатори кои се поврзуваат со значајни корисници на јавни средства.

### Како се генерираат црвените знамиња?

Во секцијата **Политичко финансирање** е вграден еден индикатор на ризик кој сигнализира потенцијални црвени знамиња.




*Слика 19. Пример на графикон кој ги прикажува индикаторите на ризик во категоријата „Донации“ за сите години заедно*

Овој индикатор покажува дали донацијата е дадена од носител на јавна функција. За оваа проверка, податоците за донаторите се споредуваат со Регистарот на именувани и избрани лица што го води Државната комисија за спречување на корупцијата.

## 5. Контролна табла за јавни набавки




*Слика 20. Текстуално објаснување на контролната табла за јавни набавки и нејзината намена*

Оваа секција ги визуелизира податоците за јавните набавки и доделените договори, овозможувајќи да се види кои компании најчесто добиваат договори, нивната вкупна вредност, кои институции доделуваат најмногу договори и во какви износи, како и најголемите економски оператори според бројот и вредноста на договорите, видовите постапки, видовите понуди и други релевантни показатели. Податоците се однесуваат на договорите за јавни набавки што ги доделиле министерствата во Северна Македонија во периодот 2021–2025 година.






*Слика 21. Пример на корисничкиот интерфејс на контролната табла за јавни набавки*

## Што е прикажано?

- Информативни полиња/наслови што го објаснуваат сетот на податоци и обезбедуваат дополнителен контекст
- Повеќе графикони, најчесто столбести и кружни графикони
- Секој графикон е интерактивен – со избор на елемент автоматски се филтрира целата контролна табла
- Опции за преземање на податоците или графичките прикази

- Табела со податоци која ги прикажува записите што стојат зад графиконите

## Вообичаен начин на користење

1. Изберете ја годината и, доколку е достапно, филтер за договорен орган

2. Користете ги графиконите за да ги идентификувате економските оператори и институциите со најголем број или најголема вредност на договорите

3.  Анализирајте ги видовите постапки и критериумите за доделување на договорите

4. Кликнете на ред од табелата за одредена постапка или договор за да ги отворите деталните информации (договорен орган, предмет на набавката, назив на постапката, датум на договорот и вредност на договорот)
6.    Преземете го филтрираниот сет на податоци за подетална анализа (во табеларни пресметки, мрежни анализи или како доказен материјал за истражувачки стории).




*Слика 22. Приказ на графиконите за најголемите добавувачи според бројот на договори и вредноста на договорите*



Договори за јавни набавки

| Број | Број на постапка | Договорна институција | Предмет | Име на набавка | Име на постапка | Дата на договор | Име на добавувач | Договорна цена (со вклучен ДДВ) МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 23971/2023 | Министерство за здравство | Рамковна спогодба за изведба на реконструкција и санација на ЈЗУ | Работи | Отворена постапка | 2024-02-28 | Друштво за трговија и услуги БМС ГРУП ДООЕЛ Скопје | 47.200.000 |
| 2 | 23913/2023 | Министерство за Финансии | Одржување на софтвер за материјално работење | Услуги | Набавки од мала вредност | 2024-02-21 | Друштво за информатички инжинеринг,производство и услуги увоз - извоз ФОКСИТ ДОО Скопје | 467.280 |
| 3 | 23903/2023 | Министерство за труд и социјална политика | набавка, испорака и монтажа на опрема на група во други просторни услови во детска градинка во општина Јегуновце" | Стоки | Поедноставена отворена постапка | 2024-04-08 | Трговско друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало Тони Златески 93 ДЕ-НИ-КОМПАНИ увоз-извоз Прилеп ДООЕЛ | 670.122 |
| 4 | 23903/2023 | Министерство за труд и социјална политика | набавка, испорака и монтажа на опрема на група во други просторни услови во детска градинка во општина Јегуновце" | Стоки | Поедноставена отворена постапка | 2024-04-05 | Трговско друштво за вработување на инвалидни лица-заштитно друштво за производство,трговија и услуги ФИЛАДЕЛФИЈА ДООЕЛ Кочани | 87.147,72 |
| 5 | 23903/2023 | Министерство за труд и социјална политика | набавка, испорака и монтажа на опрема на група во други просторни услови во детска градинка во општина Јегуновце" | Стоки | Поедноставена отворена постапка | 2024-04-01 | Друштво за производство,трговија и услуги АЗАРО-ГСЕН ДООЕЛ Струмица | 69.667,2 |
| 6 | 23856/2023 | Министерство за здравство | Вакцини за континуирана имунизација и имунизација по епидемиолошки индикации на населението во Република Северна Македонија од јануари 2024 до декември 2026 година | Стоки | Отворена постапка | 2024-03-07 | Друштво за промет МАКЕДОНИЈАЛЕК ДОО Скопје | 9.985.367,07 |
| 7 | 23856/2023 | Министерство за здравство | Вакцини за континуирана имунизација и имунизација по епидемиолошки индикации на населението во Република Северна Македонија од јануари 2024 до декември 2026 година | Стоки | Отворена постапка | 2024-03-07 | Друштво за промет и услуги АЛКАЛОИД КОНС увоз извоз ДООЕЛ Скопје | 231.522.536,3 |
| 8 | 23833/2023 | Министерство за правда | Сервисирање на ИТ-опремата | Услуги | Набавки од мала вредност | 2024-03-21 | ТП Таушанов Иван Стефан Продажба и Сервис ОЛИ-ВЕТИ КОПИРС Скопје | 60.180 |
| 9 | 23833/2023 | Министерство за правда | Сервисирање на ИТ-опремата | Услуги | Набавки од мала вредност | 2024-03-21 | ТП Таушанов Иван Стефан Продажба и Сервис ОЛИ-ВЕТИ КОПИРС Скопје | 56.640 |

6.282
на 6.282 договори
Филтер...
РЕСЕТИРАЈ ФИЛТЕР

*Слика 23. Листа на склучени договори*

## Толкување на индикаторите на ризик во јавните набавки

„Црвените знамиња“ во јавните набавки најчесто укажуваат на околности што го зголемуваат ризикот од фаворизирање на одредени економски оператори или од недоволна конкуренција. Примери за тоа се постапки во кои е поднесена само една понуда или случаи кога компании кои донирале на политички партии добиваат договори за јавни набавки. Сепак, црвеното знаме не претставува доказ за корупција, туку сигнал дека е потребна дополнителна анализа и проверка.

### *a) Индикатор на ризик 1: Јавни набавки со единствен понудувач*

Постапките за јавни набавки можат да содржат услови во тендерската документација што можат да ги исполнат само мал број компании. Користејќи ги податоците за бројот на компании што поднеле понуда во отворените постапки за јавни набавки спроведени од министерствата во периодот 2021–2025 година, платформата го пресметува процентот на договори доделени во постапки во кои е поднесена само една понуда.







Слика 24. Индикатори за ризик

### *b) Индикатор на ризик 2: Постапки за јавни набавки добиени од компании што донирале на политички партии*

Користејќи ги податоците од секцијата Политичко финансирање (донации на политички партии) и секцијата Јавни набавки, платформата ги поврзува податоците и прикажува колку договори за јавни набавки им се доделени на компании кои претходно донирале на политички партии.




Слика 25. Индикатори за ризик

Со кликнување на редот „Постапки за јавни набавки добиени од компании кои донирале на политички партии“, во табелата на дното од секцијата Јавни набавки се прикажува листа на сите компании што биле донатори на политички партии и истовремено добиле договор за јавна набавка.



Договори за јавни набавки

| Број | Број на постапка | Договорна институција | Предмет | Име на набавка | Име на постапка | Дата на договор | Име на добавувач | Договорна цена (со вклучен ДДВ) МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 23792/2023 | Министерство за одбрана - сектор за логистика | Сервисирање на пумпи за топла ладна вода и течни горива | Услуги | Поедноставена отворена постапка | 2024-03-07 | | 2.950.000 |
| 2 | 23764/2023 | Министерство за одбрана - сектор за логистика | Оспособување на термоенергетски инсталации,опрема и арматура во објектите на МО и АРСМ | Работи | Поедноставена отворена постапка | 2024-03-22 | | 5.900.000 |
| 3 | 22732/2024 | Министерство за надворешни работи и надворешна трговија на Република Северна Македонија | Одржување на системи и ИКТ опрема | Услуги | Поедноставена отворена постапка | 2025-03-14 | Друштво за организација на состаноци и деловни саеми ФРАГМЕНТ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Скопје | 354.000 |
| 4 | 22732/2024 | Министерство за надворешни работи и надворешна трговија на Република Северна Македонија | Одржување на системи и ИКТ опрема | Услуги | Поедноставена отворена постапка | 2025-03-14 | Друштво за комуникациски услуги А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје | 839.979 |
| 5 | 22666/2022 | Министерство за одбрана - сектор за логистика | Специјализирани курсеви | Услуги | Поедноставена отворена постапка | 2023-03-21 | Друштво за компјутерско образование СЕМОС КОМПЈУТЕРСКИ ОБРАЗОВЕН ЦЕНТАР ДОО Скопје | 1.276.840 |
| 6 | 22440/2022 | Министерство за информатичко општество и администрација | Интернет конекција за потребите на центрите „Една Точка за Услуги„ | Услуги | Поедноставена отворена постапка | 2023-03-22 | Друштво за комуникациски услуги А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје | 1.062.000 |
| 7 | 22322/2021 | Министерство за транспорт и врски | Услуга за објава на огласи во печатени медиуми за потребите на Министерство за транспорт и врски за период од 1 (една) година | Услуги | Набавки од мала вредност | 2022-02-01 | Друштво за издавање и маркетинг СЛОБОДЕН ПЕЧАТ ДОО Скопје | 236.000 |
| 8 | 22109/2021 | Министерство за Финансии | Проверка на сигурноста од пробивање (penetration testing) | Услуги | Поедноставена отворена постапка | 2022-03-08 | Друштво за комуникациски услуги А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје | 708.000 |
| 9 | 21918/2021 | Министерство за информатичко општество и администрација | Интернет конекција за потребите на центрите „Една Точка за Услуги„ | Услуги | Поедноставена отворена постапка | 2022-03-30 | Друштво за комуникациски услуги А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје | 1.062.000 |
| 10 | 21698/2023 | Министерство за труд и социјална | Набавка и испорака на пригодни подароци за | Стоки | Набавки од мала | 2023-12-18 | Друштво за производство, промет | 118.000 |



*Слика 26. Листа на склучени договори поврзани со индикаторите на ризик*

## 7. Контролна табла за минерални суровини и мали хидроелектрани




*Слика 27. Текстуално објаснување на контролната табла за минерални суровини и хидроелектрични централи и нејзината намена*

Во оваа секција се достапни информации за концесиите за експлоатација на минерални суровини и за изградба на мали хидроелектрани. Податоците од надлежните институции за овие области се ограничени, поради што граѓаните немаат јасна слика за тоа како овие концесии влијаат врз економијата и животната средина, било позитивно или негативно. Постапките за доделување на овие концесии сè уште не се доволно транспарентни, поради што постои потреба од зајакнување на надзорот врз нивното доделување. Со зголемување на достапноста и отвореноста на овие податоци се зајакнува надзорната улога на граѓаните, медиумите и организациите на граѓанското општество, се поттикнува отворање на прашања поврзани со оваа област и се создаваат услови за креирање поквалитетни јавни политики и подобро донесување одлуки.





Концесии за минерални суровини и хидроелектрани

| Број | Вид | Концесионер | Договор | Крај на договорот | Дозвола | Локација | Минерални суровини | Забелешки | Површина (км2) | Киловат |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Хидроелектрани | Хидроенергија ДООЕЛ Скопје | 2018 | | | Чемплеска, Чашка | | Раскинат договор и наплатена гаранција во 2018 | | |
| 2 | Хидроелектрани | Хидроенергија ДООЕЛ Скопје | 2018 | | | Стровија 250, Долнени | | Изградени и пуштени во пробна работа | | 446 |
| 3 | Хидроелектрани | ХидроДошница ДОО Кавадарци | 2022г | | | Папрад, с.Радња Кавадарци | | | | 440 |
| 4 | Хидроелектрани | Хидроген груп доо Скопје | 2015 | | | Железна 17 | | | | 395 |
| 5 | Хидроелектрани | Хидроген груп доо Скопје | 2015 | | | Жировница 6 | | | | 463 |
| 6 | Хидроелектрани | Хидроген груп доо Скопје | 2015 | | | Жировница 5, Маврово | | | | 776 |
| 7 | Хидроелектрани | Хидроген груп доо Скопје | 2015 | | | Железна 15, Гостивар | | | | 363 |
| 8 | Хидроелектрани | Сателит Енерџи ДООЕЛ Куманово | 2018г | | | Оштрилска 253, Крушево | | Пуштена во комерцијална работа | | 378 |
| 9 | Хидроелектрани | Сателит Енерџи ДООЕЛ Куманово | 2018г | | | Мраморечка 394, Дебарца | | Договорот е раскинат со висина на обештетување од 2.008.186 | | 468 |
| 10 | Хидроелектрани | РДЛ Соул Електрани | 2015 | | | Орешка 308 | | | | 924 |
| 11 | Хидроелектрани | ПОТАМ-ПЛАНТ ДООЕЛ Букојчани | 2023г. | | | МХЕЦ Бачишка 3, Кичево | | | | 468 |
| 12 | Хидроелектрани | МХЕЦ Ехлоец ДОО Скопје | 2015 | | | Ехлоец 51, Кичево | | Пуштена во комерцијална работа | | 786 |



*Слика 28. Контролна табла за минерални суровини и хидроелектрични централи*

## Што е прикажано?

- Информативни полиња/наслови што го објаснуваат сетот на податоци и обезбедуваат дополнителен контекст
- Повеќе графикони, најчесто столбести и кружни графикони
- Секој графикон е интерактивен – со избор на елемент автоматски се филтрира целата контролна табла
- Опции за преземање на податоците или графичките прикази
- Табела со податоци која ги прикажува записите што стојат зад графиконите

## Вообичаен начин на користење

1. Користете ги графиконите за да ги идентификувате компаниите со најголем број доделени концесии за изградба на мали хидроелектрани и компаниите

2. Проверете ги видовите концесии, видовите минерални суровини и локациите на кои се врши експлоатација или се планира изградба на мали хидроелектрани.

3. Преземете го филтрираниот сет на податоци за подетална анализа




Кликнете на столб од графиконот за да изберете компанија на која ѝ е доделена концесија за изградба на мала хидроелектрана.

По изборот на компанијата, ќе можете да ги видите: видот на доделената концесија, локациите на кои се реализира концесијата, видот на минералната суровина (доколку е применливо)…




како и табела со дополнителни информации за избраната концесија.

## Секција „За платформата“

Страницата „За платформата“ претставува почетна точка за запознавање со платформата и нејзината веродостојност. Таа објаснува што претставува Integrity Watch Платформата за Северна Македонија, кои податоци ги користи, како треба да се толкуваат податоците и на кој начин корисниците треба (и не треба) да ги користат резултатите.

### Што објаснува оваа секција?

- **Цел на платформата:** Integrity Watch е платформа за отворени податоци, развиена од Транспаренси Интернешнл – Македонија, која им овозможува на граѓаните, новинарите, организациите на граѓанското општество и истражувачите да ги анализираат врските помеѓу јавните финансии, политичкото влијание и јавните политики.
- **Кои збирки на податоци се вклучени?** Платформата ги обединува трите области што се сметаат за најизложени на ризици од корупција:
  - **Политичко финансирање**
  - **Јавни набавки**
  - **Концесии за експлоатација на минерални суровини и изградба на мали хидроелектрани**
- **Што може да се истражува во секој модул?** Во секцијата „За платформата“ е даден преглед на главните податоци што се достапни во секој тематски модул, како што се:
  - донатори, износи на донации, извори на финансирање, трошоци и датуми во модулот **Политичко финансирање**;
  - информации за тендерите, договорните органи и избраните економски оператори во модулот **Јавни набавки**;
  - податоци за концесии, концесионери, минерални суровини и мали хидроелектрани во модулот **Концесии**.
- **Како функционираат контролните табли?** Во оваа секција е објаснет принципот на работа на интерактивните контролни табли. Со кликнување на кој било елемент од графиконите автоматски се филтрираат податоците и се ажурираат сите останати графикони и табели.
- **Зошто е важна платформата?** Платформата претставува одговор на т.н. „транспарентност преку PDF-документи“, односно ситуација кога информациите се формално јавно достапни, но практично тешко употребливи за анализа. Со поврзување на различни извори на податоци платформата овозможува полесно откривање на обрасци, како што се:
  - компании кои повеќепати добиваат договори за јавни набавки;
  - компании кои добиле концесии;
  - необични или потенцијално ризични донации кон политички партии.
- **Преземање и повторна употреба на податоците:** Платформата овозможува преземање на податоците во повторно употребливи формати, како што се CSV и XLS, што овозможува нивна понатамошна анализа.
- **Преглед на достапноста на податоците:** Секцијата содржи табела која ја прикажува достапноста и квалитетот на податоците (опфат на податоците) во клучните области што придонесуваат за политичкиот интегритет. Во табелата е прикажан споредбен преглед на состојбата во периодот од 2023 година (првична анализа) до 2025 година (последователна анализа).
- Дополнително, секцијата содржи анализа на напредокот, стагнацијата или назадувањето во однос на достапноста на податоците, како и препораки за понатамошно подобрување на транспарентноста и отвореноста на институционалните податоци.

### Како треба да се користи страницата „За платформата“?

Оваа секција им помага на корисниците да ги разберат опфатот, ограничувањата и методологијата на платформата пред да започнат со анализа на податоците. Таа потсетува дека графиконите и индикаторите на ризик („црвени знамиња“) претставуваат сигнали за понатамошна проверка, а не автоматски доказ за корупција или незаконско постапување.

## Извори на податоци и ограничувања

### Примарни извори на податоци

Податоците во платформата се преземени од јавно достапни извори на надлежните институции:

- Државен завод за ревизија – податоци за политичкото финансирање;
- Биро за јавни набавки – податоци од Електронскиот систем за јавни набавки;
- Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини – податоци за концесиите за експлоатација на минерални суровини и изградба на мали хидроелектрани.

### Како се собираат податоците?

Податоците се прибираат преку:

- документи објавени на интернет-страниците на институциите;
- информации добиени преку барања за слободен пристап до информации од јавен карактер;
- Електронскиот систем за јавни набавки.

### Ограничувања што треба да се имаат предвид

- БЕТА верзија – платформата е во БЕТА фаза и претставува силна почетна основа за анализа. При објавување на информации, препорачливо е тие да се проверат и со оригиналните институционални извори.
- Квалитет на изворните документи – доколку институциите објавуваат нецелосни информации, невалидни врски, дупликати или различни формати на податоци, тоа може да влијае врз нивната целосност и точност.
- Податоци достапни само во PDF-формат – дел од јавните информации се објавуваат исклучиво како PDF-документи, што ја отежнува нивната машинска обработка и може да доведе до недостиг на метаподатоци или единствени идентификатори.
- Ризик од погрешно толкување – индикаторите на ризик („црвените знамиња“) покажуваат можни ризици, но не претставуваат доказ за прекршување на законот. Секогаш треба да се потврдат со официјална документација и, кога е соодветно, да се обезбеди право на одговор на засегнатите страни.

## Технички прилог

### Модел на податоци и интероперабилност

Платформата ги поврзува податоците од областа на политичкото финансирање, јавните набавки концесиите, овозможувајќи нивна заедничка анализа.

При користење на платформата се препорачува:

- секогаш да се преземе филтрираниот сет на податоци што е користен при анализата и да се зачува заедно со белешките (датум, време и применети филтри);

- при објавување графикон задолжително да се наведат годината и применетите филтри, за да може анализата да се репродуцира;
- за чистење, обработка и поврзување на податоците да се користи CSV формат.

### Наведување на изворот и контакт

Доколку забележите неточни, нецелосни или погрешно прикажани информации, ве молиме известете нè на: info@transparency.mk